СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

Врз основа на одредбите од чл. 393 став 2 од Законот за трговски друштва и Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-978/1/II-9 од 29.5.2019 година, како и Одлуката на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за свикување 45. седница на Собрание на акционери НО бр. 02-16809/1/I.1-1 од 1.10.2019 година,

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА БАНКАТА ОБЈАВУВА

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА УЧЕСТВО НА ПРЕЗАКАЖАНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА БАНКАТА

45. седница на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола која беше закажана за 27.11.2019 година, се презакажува за ден **12.12.2019 година (четврток)** со почеток во **12:00 часот**, во седиштето на Стопанска банка а.д. Битола, ул. „Добривое Радосавлевиќ“ бр. 21 Битола, сала за состаноци на III кат.

На презакажаното Собрание ќе се одлучува само по прашањата утврдени во Дневниот ред за првото свикување на Собранието што беше закажано за 27.11.2019 година, како што следи:

### ДНЕВЕН РЕД

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на работни тела;
2.1 Избор на претседавач;
2.2 Избор на двајца бројачи на гласови;
3. Констатирање кворум за работа на Собранието.

**II. Работен дел**

**1. Предлог-одлука за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со прилог**
**-Мислење на Надзорниот одбор кон Одлуката за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.**

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред во согласност со Статутот на Банката и со Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин во согласност со Статутот и со Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да ја извести Банката писмено или електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.mk.

Материјалите за Собранието на Банката и дополнителни информации во согласност со Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во просториите на Стопанска банка а.д. Битола (трети кат, Централа на Банката), ул. „Добривое Радосављевиќ“ бр. 21, Битола, како и на интернет-страницата на Банката www.stbbt.mk

Тел.: +389 47 207 500 Факс: +389 47 207 513
stbbt@stbbt.mk
www.stbbt.mk
Добривоје Радосављевиќ 21, 7000 Битола, Македонија
ЕМБС: 5026377 ЕДБ: 4002995103351 Стопанска Банка а.д. Битола 500-0000000001-24